Број 117 Јуни 2022

# S-WORK



## 2-ри јуни - Меѓународен ден на сексуалните работници



# 2-ри јуни - Меѓународен ден на сексуалните работници

На 2-ри јуни го одбележуваме Меѓународниот ден на сексуалните работници, во чест на сексуалните работници ширум светот и борбата за признавање на сексуалната работа како труд и занимање. Овој ден се смета за симболично раѓање на активистичкото движење на сексуалните работници во борбата за заштита на нашите основни човекови права.

И покрај реалните проблеми со кои се соочуваат секуалните работници во општеството, а се резултат на социјалната, економската и здравствената исклученост, јавната и институционалната стигма и дискриминација, насилството, општото конзервативно мислење за сексуалната работа и нерегулираниот статус на сексуалните работници, по повод одбележувањето на овој значаен ден за нашата заедница, сакаме да ги истакнеме придобивките и позитивните страни на сексуалната работа за сексуалните работници и причините зашто треба да се регулира сексуалната работа, со што правото на сексуална работа по слободен избор ќе им биде загарантирано со закон.

Доброволната сексуална работа е работа, а во услови во кои сексуалната работа е прифатена и регулирана во општеството, во кои сексуалните работници се заштитени и ги добиваат истите права како и секој друг работник, сексуалната работа може да биде корисна како за сексуалните работници, така и за општеството.

Сексуалната работа е профитабилна за сексуалните работници, им овозможува на сексуалните работници креативно да ја изразат својата сексуалност и притоа да заработат за живот. Истовремено, со давање сексуални услуги, сексуалните работници им овозможуваат на своите клиенти безбедно да ги истражуваат своите сексуални желби и потреби.

Сексуалната работа вклучува различни профили на сексуални работници кои слободно ја избираат сексуалната работа за своја професија, а постојат повеќе причини поради кои сексуалните работници ја работат оваа работа. Сексуалната работа за некои е форма на егзистенција и единствен извор на финансии, а за други можност за надополнување на своите приходи. Сексуалната работа е идеална работа

за оние кои сакаат да работат во услови кои сами ги избираат и да имаат флексибилно време за работа. Некои се одлучуваат да ја работата сексуалната работа бидејќи тоа им овозможува пофлексибилно работно време и им дава поголема контрола врз нивните работни услови од другите работни места. Некои ја избираат сексуална работа затоа што сметаат дека е финансиски исплатлива, а други пак ја избираат оваа работа како најприфатлива од оние малку опции кои им се достапни со цел да ги обезбедат основните потреби за живот за себе и за своите семејства.

Меѓутоа, се додека се стигматизира улогата на сексуалниот работник во општеството и на сексуалните работници се гледа како неморални и безвредни луѓе, сексуалната работа не може да се третира како легитимен облик на работа.

Затоа, токму на денот на сексуалните работници, сакаме да ја потсетиме јавноста за важноста од прифаќање и признавање на сексуалната работа.

Со заштита и почитување на правата на сексуалните работници и со прифаќање на сексуалната работа на пазарот на трудот, би се препознала потенцијалната вредност на сексуалната работа во општеството и би се отворила можност за промена на начинот на кој сексуалната работа моментално се перцепира во општеството.

Сексот не треба да биде табу затоа што сите сме сексуални битија. Доброволните сексуални односи со взаемна согласност помеѓу две или повеќе возрасни лица, вклучувајќи ја и комерцијалната размена на сексуални услуги е основно човеково право на лична автономија и приватност. Никој не може и не треба да ни го одземе правото со кого и под кои услови нудиме сексуални услуги. Сексуалната работа треба да се третира со почит во општеството за да можеме слободно да ја изразиме и истражиме нашата сексуалност, сексуални желби и потреби.





# Јас сум сексуален работник и како сите работници заслужувам љубов и почит

Сексуална работничка објаснува зошто треба да се ценат сите работници, без разлика на нивното занимање.

Сексуална работничка објаснува зошто треба да се ценат сите работници, без разлика на нивното заним Сексуалната работа постои речиси во секоја култура, но сепак темата е сè уште табу, а луѓето сè уште ги гледаат сексуалните работници како криминалци. Општеството има предрасуди кон луѓето како мене кои работат сексуална работа, без воопшто да се обидат да дознаат за причините поради кои ја работиме оваа работа.

Многу сексуални работници избираат да работат во секс индустријата за да ја истражат и изразат својата сексуалност, а притоа да заработат, додека пак некои се одлучуваат да ја работат оваа работа поради флексибилните работни услови. На некои сексуални работници, сексуалната работа им е единствената достапна опција со цел да ги обезбедат основните потреби за живот.

Јас ја работам оваа работа затоа што тоа најдобро знам да го правам. Работата ме исполнува. Како и секоја работа, мојата работа бара вештини како креативност, емоционална интелигенција и раководење со времето. Моите клиенти отсекогаш ме почитувале и ценеле за услугите кои ги давам. За време, па дури и после физичката интимност, тие го почитуваат моето тело и моите чувства и сакаат да се уверат дека сум задоволна со она што тие сакаат да го прават.

Помеѓу клиентите и сексуалните работници може да се создаде многу силна врска, особено со оние кои се во емотивна криза. Многумина од моите клиенти се борат емотивно затоа што изгубиле сакани или минуваат низ тешка врска или пак се соочуваат со криза во кариерата, па им е потребна поддршка.

**Сексуалните работници се соочуваат со кршење на човековите права**

Сексуалните работници отсекогаш се третирале како граѓани од втор ред во општеството. Јавноста нè третира за недостојни и неморални граѓани. Исклучени од социјалниот живот, сексуалните работници се соочуваат со проблеми кои негативно влијаат врз нашето секојдневие.

**Поддржете ги сексуалните работници со тоа што ќе им го дадете правото на глас**

Стигмата и предрасудите на општеството се најчесто насочени кон сексуалните работници, а не кон луѓето кои ги плаќаат и ги користат нивните услуги. Постои голема побарувачка за сексуални услуги насекаде во светот - во Индија, во Лондон, во Нов Зеланд, во Австралија. Пред пандемијата, клиентите мораа да ги резервираат моите услуги два месеци однапред.

За време на пандемијата, многу луѓе останаа без работа, меѓу кои и сексуалните работници, но за нас многу малку се зборува, бидејќи нашата работа не ја сметаат за работа. Исто како и другите невработени луѓе, и ние страдаме финансиски за да ги покриеме нашите основни трошоци. Сите мои заштеди од последните пет години се веќе потрошени. Не знам како ќе преживеам ако пандемијата продолжи.

Замислувам свет во кој ќе бидеме третирани како нормални луѓе, достојни за почит исто како што им се дава на другите и право да живееме достоинствен живот. Поединците можат да им помогнат на сексуалните работници со тоа што нема да ја омаловажуваат нашата работа и трудот што го вложуваме, затоа што нашата работа не е лесна, а неопходна е за да се прехраниме.

Од сите начини за почитување на сексуалните работници, најефективниот може да биде само преку слушање на нашите искуства и лични приказни, со што ќе се слушнат и нашите гласови. Сексуалната работа е работа, а сексуалните работници се работници. ●





# РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ И СОЦИЈАЛНА БЛАГОСОСТОЈБА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ВИКТОРИЈА – ИСТРАЖУВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЛА ТРОБ

На 10-ти мај, во Викторија, Австралија започна процесот на имплементирање на декриминализација на сексуалната работа, откако државата го усвои Предлог-законот од 2021 година.

Во перидот пред промената на Законот, Австралискиот истражувачки центар за секс, здравје и општество при Универзитетот Ла Троб спроведе квалитативно истражување со цел проценка на здравјето и благосостојбата на сексуални работници во државата. Истражувањето беше нарачано од Одделот за здравство на Викторија со цел да се преструктуира обезбедувањето здравствени услуги за сексуалните работници.

Тим на истражувачи, советувани од Советодавниот одбор на заедницата на сексуални работници работеа на овој Извештај кој содржи:

1) детални докази за поддршка на декриминализацијата на сексуалната работа како најдобар модел за поддршка на здравјето и благосостојбата на сексуалните работници;

2) цврсти докази за поддршка на финансирањето на врснички организации во заедницата како даватели на услуги и како обучувачи на давателите на здравствени услуги.

Овој Извештај ги испитува здравствената и социјалната благосостојба на различни профили на сексуалните работници и нивните потреби поврзани со сексуалното, физичкото и менталното здравје и има за цел да информира за потребите и обезбедувањето услуги во Викторија, каде сексуалната работа неодамна беше декриминализирана. Извештајот вклучува истражување на искуствата и перспективите на

клучните засегнати страни и на учесниците во сексуалната работа, притоа дадени се детални препораки за реконфигурација, развој и имплементација на услугите за задоволување на потребите на сексуалните работници во иднина.

Во истражувањето биле спроведени вкупно 31 интервјуса сексуални работници кои дискутирале на следниве теми:

- Физичко, сексуално и ментално здравје и потреби;
- Искуства со здравствени работници и услуги;
- Искуства со заедницата и организациите;
- Безбедност при работа;
- Искуства со спроведување на законот;
- Потенцијални фактори кои влијаат на здравјето и благосостојбата на сексуалните работници: домување, стигма, миграција;
- Ставовите и желбите на сексуалните работници во однос на законодавството за сексуална работа и здравствено осигурување.

„Се надевам дека декриминализацијата на сексуалната работа во Викторија ќе биде корисна за мене и за моите колеги и колешки да можеме да пристапиме до основните услуги на кои секој друг има право, без страв од осуда и кривично гонење“ – Алис, сексуална работничка.

Со цел да се истакнат одредени области за загриженост и потреби, овој Извештај има за цел да опфати разновидност на искуства, потекло и демографски карактеристики помеѓу интервјуираните сексуални работници вклучени во различни сектори на работа, од различен пол, етничка припадност, сексуална ориентација и историја на миграција.

На 22-ри февруари 2022 година, Парламентот на Викторија го усвои Предлог-законот за декриминализација на сексуалната работа од 2021 година. Со ова ќе дојде до постепено укинување на Законот за сексуална работа од 1994 година и ќе се обезбеди регулација на повеќето форми на сексуална работа преку постојните регулаторни рамки. Сексуалната работа ќе биде декриминализирана во повеќето околности. Сепак, улична сексуална работа во близина на училишта или дневни центри и понатаму ќе биде кривично дело ако се одвива помеѓу 7 часот наутро и 6 часот попладне, а истото важи и за местата за богослужба и за време на верските свечености.

Целосниот Извештај на Ла Троб може да се прочита на линкот: https://www.latrobe.edu.au/arcshs/publications/social-responses-to-hiv-and-viral-hepatitis/well-being-of-sex-workers-in-victoria




# СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Сексуалните работници се човечки суштества како и сите други и имаат право на човекови права според бројни меѓународно договорени стандарди за третман на сите луѓе, без оглед на нивната професија. Согласно Меѓународното право за заштита на човековите права и според Декларацијата за правата на сексуалните работници во Европа, сексуалните работници имаат право на живот и слобода, право на заштита од дискриминација, право на приватност, на семеен живот, на законско напуштање и враќање во својата земја, на слобода од тортура, нехумано или понижувачко однесување и од неосновано приведување, слобода на изразување, заштита од насилство, физички повреди, закани и заплашувања, информирање, здружување, движење, итн.

Со Уставот на Република Северна Македонија на сите граѓани им е загарантирано правото на слободен избор, правото на здравствена и социјална заштита и сите граѓани се еднакви пред законот и институциите. Оттука, сексуалните работници треба да ги уживаат истите човекови права како и секој друг граѓанин на Република Северна Македонија.

Сексуалните работници, независно од нивниот статус, имаат право на највисок достижен стандард на физичко и ментално здравје, вклучувајќи го и сексуалното и репродуктивното здравје. Пристапот до сеопфатно сексуално и репродуктивно здравје што подразбира услуги за превенција од ХИВ/СИДА, СПИ и општи здравствени услуги е суштинска компонента за здравјето на сексуалните работници базирано на нивните основни човекови права.

Според Декларацијата за правата на сексуалните работници во Европа, која е изготвена и прифатена од сексуални работници, нивни сојузници, активисти за правата на сексуалните работници и организации кои работат со сексуалните работници низ Европа и пошироко, се наведуваат основните човекови права на сексуалните работници, без разлика на пол, род, сексуална ориентација, класа, раса, етничка припадност, националност, здравствена состојба, возраст, државјанство, јазик, ниво на образование или некој друг општествен или личен статус:

- Правото на живот;
- Правото на слобода и сигурност на личноста;
- Забрана на ропство, принудна работа и слугување;
- Забрана на тортура, нехумано или понижувачко однесување;
- Правото на заштита од насилство, физички повреди, закани и заплашувања;
- Правото на приватност и заштита на семејниот живот, вклучувајќи го тука и правото на слобода од произволно или незаконско мешање во приватноста, семејството, домот или во преписките и од напади врз честа и угледот;
- Правото на стапување во брак и формирање семејство;
- Правото на слобода на движење и живеалиште;
- Правото на напуштање на секоја земја, вклучувајќи ја и сопствената и враќање во неа;
- Правото на барање азил;
- Правото на еднаква заштита пред законот и заштита од дискриминација и поттик на дискриминација;
- Правото на праведно судење;
- Правото на слобода на мислење и изразување;
- Правото на работа, на слободен избор на работно место и праведни и поволни услови за работа и заштита при невработеност;
- Правото на највисок можен стандард на физичко и ментално здравје;
- Правото на мирни собири и здружување;
- Правото на организирање, на слобода на поврзување и на формирање и зачленување во здруженија;
- Правото на информирање за мигранти со и без документи;
- Правото на ефективни правни лекови;
- Принципот на недискриминација;
- Правото на учество во јавниот и културен живот на општеството;

Обврската на државите да се борат со предрасудите и вообичаените и сите други пракси кои се базираат на идејата на полова инфериорност или супериорност, или на стереотипните улоги на мажите и жените.Декларацијата за правата на сексуалните работници во Европа е изготвена во координација со Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници во Европа и има за цел да ги идентификува човековите, работничките и миграционите права кои сексуалните работници треба да ги имаат согласно меѓународните закони за човекови права и ги потеницира обврските на државите за да се осигураат дека:

- не ги прекршуваат овие права;
- дека другите не ги прекршуваат овие права;
- дека сите државни структури се организирани на начин кој овозможува сите различни членови на општеството да уживаат и да ги практикуваат своите права.

Декларацијата е синтеза од сите права установени со меѓународни договори и повелби, кои треба да се почитуваат за сите луѓе, заедно со конкретни предлози до државите за чекори и политики со кои би се обезбедила заштита на овие права за сексуалните работници.

Според Меѓународниот закон, основно човеково право е „еднаквост пред законот и правото, без дискриминација и на еднаква заштита со законот“. Сепак, постои основано сомневање дека сексуалните работници во Европа, во пракса, немаат еднаков пристап до законска заштита. Затоа сексуалните работници во Европа имаат силни причини да го избегнуваат судскиот систем во нивната борба против дискриминацијата, насилството и другите злоупотреби преку судовите.

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.